# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.9/2013
## 11.07.2013 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање на користење на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино ново возило за собирање на смет, марка HYUNDAI HD 75, 8+1 метри кубни и 47 метални контејнери од 1,1 метри кубни за собирање на индустриски и комунален отпад**

Се објавува Одлуката за давање на користење на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино ново возило за собирање на смет, марка HYUNDAI HD 75, 8+1 метри кубни и 47 метални контејнери од 1,1 метри кубни за собирање на индустриски и комунален отпад, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 09.07.2013 година.

Бр.08_357/1

11.07.2013

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**на Општина Неготино**

**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ,,бр.5/2002 ) и член 131 од Статутот на Општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино,,бр.3/2006, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 09.07.2013 година донесе

## О Д Л У К А

**За давање на користење на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино ново возило за собирање на смет, марка HYUNDAI HD 75, 8+1 метри кубни и 47 метални контејнери од 1,1 метри кубни за собирање на индустриски и комунален отпад**

Член 1

Со оваа одлука општина Неготино дава на користење на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино ново возило за собирање на смет, марка HYUNDAI HD 75, 8+1 метри кубни и 47 метални контејнери од 1,1 метри кубни за собирање на индустриски и комунален отпад со кои општина Неготино се стекна во сопственост преку Програмата ,, Форуми во заедницата,, Проект ,, Управување со отпадот во руралните средини во општина Неготино", а кофинансиран од SDC –Швајцарската агенција за развој и соработка и општина Неготино.

Член 2

Ова одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во ,,Службен гласник на Општина Неготино,,.

Бр.07_357/4

09.07.2013 година

**Совет на Општина Неготино**

**Претседател**

**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

### За објавување на Заклучокот за учество на општина Неготино во изработката на Процена на загрозеност од ризици и опасности

Се објавува Заклучокот за учество на општина Неготино во изработката на Процена на загрозеност од ризици и опасности, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 09.07.2013 година.

Бр.08_371/2

11.07.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**

**на Општина Неготино**

**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 09.07.2013 година го усвои следниот

# З А К Л У Ч О К

## За учество на општина Неготино во изработката на Процена на загрозеност од ризици и опасности

Член 1

Органите на општина Неготино-Градоначалникот и Советот активно да соработуваат со Регионалниот центар за управување со кризи Неготино, заради изработка на посебниот дсел на Процената на сите ризици и опасности по безбедноста на општинско ниво.

Член 2

Овој заклучок влегува во сила со денот на усвојувањето, а ќе биде објавен во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_357/3

09.07.2013 година

**Совет на општина Неготино**

**Претседател**

**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 9/2013


1. Заклучок за објавување на Одлуката за давање на користење на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино ново возило за собирање на смет, марка HYUNDAI HD 75, 8+1 метри кубни и 47 метални контејнери од 1,1 метри кубни за собирање на индустриски и комунален отпад Стр.1

2. Одлука за давање на користење на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино ново возило за собирање на смет, марка HYUNDAI HD 75, 8+1 метри кубни и 47 метални контејнери од 1,1 метри кубни за собирање на индустриски и комунален отпад Стр.2

3. Заклучок за објавување Заклучокот за учество на општина Неготино во изработката на Процена на загрозеност од ризици и опасности. Стр.3

4. Заклучок за учество на општина Неготино во изработката на Процена на загрозеност од ризици и опасности. Стр.4